Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***психологија*** за IV (четврта) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ПСИХОЛОГИЈА

***модуларно дизајнирана***

**за IV година**

Економски техничар, Правен техничар и Бизнис администратор

**образовен профил / квалификација**

Економско – правна и трговска/Економија, право и трговија

**струка / сектор**

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Психологија |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 2 (два) ЕЦВЕТ[1] кредити |
| **Струка** | Економско- правна и трговска струка |
| **Сектор** | Економија, право и трговија |
| **Образовен профил** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор |
| **Назив и ниво на квалификација** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор<br>**IV (четврто) ниво** |
| **Година на изучување** | **IV (четврта)** |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1/33 |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Цели на наставна програма** | Целите на наставната програма по Психологија се ученикот/ученичката да стекне компетенции (знаења, вештини и ставови) за:<br>- разликата помеѓу научни и ненаучни методи на стекнување знаења за однесувањето на луѓето;<br>- дефинирање на релевантни истражувачки прашања, анализирање и вреднување на информациите добиени од мини-истражувања;<br>- разликата помеѓу психички процеси, состојби и особини;<br>- улогата на вродените и срединските фактори во психичкиот живот на луѓето;<br>- учењето како централен процес на социјализација, односно дека со него не се стекнуваат само школски знаења, туку и однесувањата и особините;<br>- важноста на помнењето и мислењето, како и за различните видови помнење и мислење;<br>- препознавање на емоциите и мотивите кај себе си и кај другите, согледувајќи ги последиците од сопствените реакции во различни ситуации и користење на соодветни стратегии за справување со истите;<br>- формулирање и аргументирање на своите гледишта, сослушување и анализирање на туѓите гледишта и однесување со почит кон мислењата и ставовите на другите, дури и тогаш кога не се согласува со нив;<br>- критичко размислување за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти, со фокус на работната средина, особено во етички сензитивни ситуации;<br>- комуницирање со другите, активно слушање и соодветно реагирање, покажувајќи емпатија и разбирање за другите;<br>- препознавање на проблемите во релациите со другите и конструктивно пристапување во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни;<br>- препознавање на стереотипи, предрасуди и дискриминација нивните последици, со фокус на работната средина и отворено спротивставување на различните облици на нивна манифестација. |

| | |
|---|---|
| **Модуларни единици на наставна програма** | • ПСИХОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА: НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП<br>• ОСНОВНИ ПСИХИЧКИ ПОЈАВИ-ПРОЦЕСИ, СОСТОЈБИ И ОСОБИНИ<br>• СОЦИЈАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма треба да се во согласност со општиот норматив за простор донесен од страна на министерот за образование и наука. За постигнување на резултатите од учењето и успешна реализиција на предвидените активности на учениците, се препорачува да има олеснет визуелен и аудиоконтакт помеѓу учениците и наставникот и помеѓу самите ученици. Во контекст на горенаведеното за реализација на одредени/специфични предвидени активности согласно програмата може да се прави прераспределба на клупите и столчињата. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Психологија за IV (четврта) година средно стручно четиригодишно образование ја изведува наставник со завршени:<br>- студии по Психологија, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица 1: ПСИХОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА: НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- ја објасни разликата меѓу научните и ненаучните пристапи во стекнување сознанија<br>- ја анализира вредноста на емпириските податоци во истражувањата<br>- набројува главни техники за прибирање емпириски податоци во психологијата<br>- ги наведе фазите на емпириско истражување;<br>- поставува основни прашања за спроведување на мини-анкета;<br>- следи едноставни извештаи од научни истражувања од областа на психологијата. | Ненаучни и научни методи на стекнување сознанија, емпириско истражување, интроспекција, набљудување, експеримент, неекспериментални истражувања, интервју, прашалник, тест, анкета<br><br>Фази во истражувањето<br><br>Проблем, хипотеза (претпоставка), анализа и вреднување на информации | **Приказ на примери** на научни и ненаучни методи на стекнување знаења<br><br>**Приказ и анализа** на едноставни извештаи од научни истражувања од областа на психологијата<br><br>**Составување прашалници** за релевантни прашања во училиштето | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 наведува научни наспроти ненаучни методи на стекнување знаења<br>1.2 ја аргументира вредноста на прибирањето емпириски податоци за стекнување научни сознанија<br>1.3 наведува техники за прибирање податоци во психолошки истражувања<br>1.4 ги наведе клучните активности во фазите на емпириските истражувања<br>1.5 дефинира прашања за спроведување на мини-анкета<br>1.6 ја објасни врската меѓу истражувачкиот проблем, хипотезите и податоците од едноставни извештаи од научни истражувања од областа на психологијата |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | Назив на модуларна единица 2 - ОСНОВНИ ПСИХИЧКИ ПОЈАВИ - ПРОЦЕСИ, СОСТОЈБИ И ОСОБИНИ | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- ја објасни разликата меѓу осет и перцепција;<br>- ги идентификува факторите кои што влијаат на перцепцијата;<br>- го опише поимот внимание;<br>- ги идентификува факторите кои што влијаат на вниманието<br>- идентификува и анализира како се одвива процесот на перцепција на други лица;<br>- го објаснува процесот на атрибуција при перцепција на одредено однесување | Осет, перцепција, фактори кои влијаат на перцепцијата, внимание, фактори кои влијаат на вниманието<br><br>Перцепција на други лица, прва импресија<br><br>Атрибуција, грешка на атрибуцијата | **Венов дијаграм:** сличности и разлики меѓу осет и перцепција.<br>**Работа во групи:** Истражување на литература за факторите што влијаат на перцепцијата и нивно поврзување со личното искуство.<br>**Дискусија:** Што го привлекува вниманието на моите соученици, а што на наставниците за време на час?<br>**Активност:** Процени ја емоцијата врз основа на фацијалната експресија на соученикот/чката<br>**Дискусија**: Зошто е тешко да се откријат причините за нечие | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 наведе конкретни примери преку кои ја дефинира разликата меѓу поимите осет и перцепција<br>1.2 ги наброи факторите кои што влијаат на перцепцијата и да ги илустрира со примери<br>1.3 ги наброи и илустрира со примери карактеристиките на вниманието и клучните фактори кои што влијаат на вниманието<br>1.4 дава примери за тоа како може да се привлече нечие внимание<br>1.5 објаснува кои дразби и податоци се користат при проценување на други лица<br>1.6 ги објаснува и илустрира со примери изворите на грешки при |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | однесување? | перцепција на други лица<br>1.7 ја објаснува практичната важност од изучувањето на процесот на атрибуција |
| 2 | - го објаснува односот меѓу поимите: учење, влијание на искуството, влијание на средината;<br>- ги опишува видовите учење (по модел, емоционално условување и сл.);<br>- објаснува како успехот во учењето во најголема мера зависи од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува. | Учење, видови учење, учење како социјализација | **Дискусија на теми:**<br>Со учење не се стекнуваат само знаења, туку и однесувањата и особините<br>Важноста на учењето во развојот на човекот и човештвото<br>Учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование<br><br>**Дискусија на тема:** Успехот во учењето во најголема мера зависи од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува. | 2.1 објасни што сѐ човекот учи во текот на својот живот и како процесот на учење е поврзан со искуството и срединските фактори<br>2.2 наведе клучни карактеристики на различните видово учења и ги поврзува видовите учење со различни однесувања<br>2.3 презентира резултати од веќе спроведени истражувања кои што потврдуваат дека успехот во учењето во најголема мера зависи од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува |
| 3 | - ги опишува најважните манифестации на помнењето;<br>- ги набројува факторите од кои | Помнење и заборавање, сетилна, краткотрајна и долготрајна меморија, | **Вежба**: Расипан телефон со користење на кратка приказна, но со многу детали. | 3.1 ги наброи и опише манифестациите на помнење (репродукција, реконструкција и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | што зависи преминот на информациите од сетилна во краткотрајна и долготрајнаа меморија;<br>- илустрира мнемонички техники за подобрување на помнењето;<br>- го дефинира поимот на заборавање и да ги претстави кривите на заборавање за различен вид на материјал;<br>- ги илустрира поимите: проактивна и ретроактивна инхибиција со примери од секојдневниот живот;<br>- го дефинира односот меѓу поимите: учење, помнење и заборавање. | заборавање, ретроактивна и проактивна инхибиција | **Шематски приказ**: се објаснува текот на меморијата и видовите на меморија.<br>**Истражување и презентација:** Мнемонички техники.<br>**Експеримент**: цртање на кривите на заборавање причините за заборавање.<br>**Презентација:** примери на проактивна и ретроактивна инхибиција од секојдневниот живот.<br>**Дискусија:** Поврзаност меѓу учење, помнење и заборавање.<br>**Дискусија:** Дали можеме со сигурност да се потпреме на сведочење засновано на помнење? | заштеда при учење);<br>3.2 го опишува процесот на преоѓање на информациите од сетилна во краткотрајна и долготрајна меморија<br>3.3 презентира примери и да користи мнемонички техники за подобрување на помнењето<br>3.4 ги толкува кривите на заборавање во зависност од материјалот што се учи<br>3.5 ги презентира поимите: проактивна и ретроактивна инхибиција со насоки за тоа како можат практично да се искористат за намалување на заборавањето, односно зголемување на помнењето<br>3.6 дискутира и со примери ја илустрира поврзаноста на процесот на учење со процесите на помнење и заборавање |
| 4 | - ги опишува фазите на мисловниот процес;<br>- решава проблемски ситуации и ги идентификува фазите на | Мислење, фази во решавање на проблеми, критичко размислување, креативно размислување | **Решавање на проблемски задачи:** се поставува конкретен проблем кој треба да се реши (на пример, да се склопи фигура од дрвени топчиња). Следува | 4.1 ги идентификува и опише фазите на мисловниот процес во конкретна проблемска ситуација<br>4.2 ги презентира и објаснува фазите на креативно мислење на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | креативното мислење;<br>- решава проблемски ситуации кои што бараат критичко размислување. | | дискусија за процесот/фазите во решавање на проблем.<br>**Решавање на проблемски ситуации кои што бараат критичко размислување** | конкретен пример<br>4.3 на дадена проблемска ситуација од секојдневниот живот/компанија нуди решение преку критичка анализа на информациите и образложување на своите аргументи |
| 5 | - ги опишува основните облици на емоционален живот на човекот;<br>- ги препознава емоциите кај себе си и кај другите;<br>- ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации<br>- да ги идентификува моралните чувства во одредени просоцијални однесувања (пружање помош, донирање и сл.) | Емоции, чувства, видови,<br>емоции и однесување<br>Морални чувства и нивната улога во просоцијалното однесување | **Истражување:** Емоционалниот живот на адолесцентите<br>**Играње на улоги:** Препознавање на последиците од одредени емоционални реакции во различни ситуации | 5.1. прави разлика меѓу едноставни и сложени чувства<br>5.2. ја објасни врската меѓу однесувањето и чувствата на луѓето<br>5.3 го опишува емоционалниот живот на адолесцентите<br>5.4 препознава емоции во конкретни ситуации од секојдневниот живот/ работното место<br>5.5 ја објасни врската помеѓу моралните чувства и просоцијалното однесување во конкретни ситуации |
| 6 | - дефинира што се подразбира под поимот мотивација;<br>- набројува биолошки, лични и социјални мотиви и го објаснува нивното влијание на | Мотивација, потреба, нагон, желба, намера, видови мотиви (лични, биолошки, социјални) | **Истражување:** Што ме мотивираше да се определам за овој вид образование?<br>**Истражување:** Кои мотиви нè прават успешни во | 6.1 ги објаснува основните поими од областа на мотивацијата (потреба, нагон, желба, намера) и хиерархијата на потреби<br>6.2 набројува биолошки, лични и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | међучовечките односи и ефикасноста на работното место;<br>- опишува предности и недостатоци на внатрешната и надворешната мотивација;<br>- ги наведува најзначајните извори на фрустрации;<br>- ги опишува главните видови на интраперсонални конфликти и ги илустрира со примери од лично искуство;<br>- опишува позитивни и реалистички реакции на фрустрации, како и негативни реакции на фрустрации;<br>- ги набројува и илустрира со примери главните механизми на одбрана. | Внатрешна, надворешна мотивација<br>Пирамида (хиерархија) на потреби<br>Фрустрација, интраперсонален конфликт, реакции на фрустрација, механизми на одбрана | професијата?<br>**Анализа на ситуации:** се анализираат конкретни примери на ситуации во однос на тоа кои биолошки, лични и социјални мотиви влијаат на међучовечките односи и ефикасноста на работното место<br>**Анализа на ситуации:** се анализираат конкретни примери на ситуации од аспект на идентификување на извори и реакции на фрустрации<br>**Играње на улоги:** Конструктивно решавање на интраперсонални конфликти<br>**Поврзување:** потребно е да се поврзат конкретни примери со соодветниот одбранбен механизам. Следува дискусија за функцијата на секој од понудените одбранбени мехнизми. | социјални мотиви и го објаснува нивното влијание на међучовечките односи и ефикасноста на работното место во конкретни дадени ситуации<br>6.3 во конкретни ситуации препознава дали одредено однесување е внатрешно и/или надворешно мотивирано<br>6.4 опишува извори и реакции на фрустрација во дадена конкретна ситуација<br>6.5 идентификува причини за интраперсонални конфликти, односно прави разлика међу позиции и потреби во конфликтот<br>6.6 ги опишува и илустрира со по неколку примери одбранбените механизми и ја објаснува нивната функција во животот на човекот |
| 7 | - го дефинира поимот црти на личност; | Црти на личност | **Играње на улоги:** Учениците симулираат како се однесува | 7.1 набројува и опишува црти на личност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - објаснува дека цртите на личност се организираат во структура на личност<br>- го дефинира поимот интелигенција | Структура на личност<br>Темперамент, карактер и способности како црти на личност<br>Интелигенција | вработен/а на одредена позиција според карактеристиките за секој од различните видови на темперамент | 7.2 ги наброи главните компоненти во структурата на личност<br>7.3 идентификува црти на личност кои што се важни за успехот во работењето |
| 8 | - ги идентификува клучните карактеристики на ставовите;<br>- да ги идентификува факторите кои што влијаат врз процесот на формирање на ставовите;<br>- да објасни што се подразбира под поимот конформизам;<br>- да образложи по што се разликуваат предрасудите од останатите ставови;<br>- да презентира начини за надминување на предрасудите;<br>- да образложи според што интересите се слични со ставовите и вредностите, а по што се разликуваат. | Став, предрасуда, стереотип, конформизам, интересирања | **Анализа на ситуации:** идентификување на стереотипи и предрасуди во конкретни примери во ситуации од секојдневниот живот<br>**Истражување:** Примери на стереотипи и предрасуди од моето опкружување (зошто и како настанале и како да се надминат)<br>**Дискусија:** Според што интересите се слични со ставовите и вредностите, а по што се разликуваат<br>**Дискусија**: како стереотипите и предрасудите ја намалуваат успешноста во функционирањето на работното место | 8.1 го образложи влијанието на различни фактори во процесот на формирање и менување на ставовите кај една личност<br>8.2 објаснува фактори кои поттикнуваат конформизам<br>8.3 препознае предрасуди во конкретни примери на ситуации и да предложи начини за борба против предрасудите<br>8.4 објаснува како предрасудите се манифестираат во социјалното однесување на луѓето во конкретни ситуации и го идентификува нивното деструктивно влијание<br>8.5 објаснува сличности и разлики меѓу интересите, ставовите и вредностите<br>8.6 објаснува како се формира и одржува интересирањето за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Истражување:** Која професија најмногу ме интересира? | одредена професија |

| | Модуларна единица 3: СОЦИЈАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:**<br>- ги идентификува клучните карактеристики на процесот на комуникација;<br>- ги идентификува и објаснува фазите во процесот на комуникација;<br>- ги набројува главните карактеристики на невербалната и вербалната комуникација;<br>- ги опишува изворите на недоразбирање во процесот на комуникација;<br>- го применува стекнатото знаење за разрешување на конфликти во социјалната интеракција. | Комуникација, фази во процесот на комуникација, вербална/невербална комуникација, конструктивна/ненасилна комуникација, асертивен пристап во комуникација | **Дискусија:** се прикажуваат различни ситуации на комуникација. Преку ситуациите се утврдуваат клучните карактеристики и фази на процесот на комуникација.<br>Се дискутира и за формите на комуникација (вербална и невербална комуникација), посебно за односот меѓу нив, колку се (не) усогласени пораките искажани со зборови со говорот на телото.<br>**Истражување:** Пречки во комуникацијата со моите другари и пречки во комуникацијата со возрасните/родители/наставници<br>**Играње на улоги:** Примена на принципите на конструктивна комуникација (на пример, како на самоуверен - асертивен начин да се кажат мислите и чувствата, а притоа да не повреди некого). | **Ученикот/ученичката може да** ги:<br>1.1 опише клучните карактеристики на процесот на комуникација<br>1.2 наброи и објасни фазите во процесот на комуникација<br>1.3 спореди и извлече клучните карактеристики на вербалната и невербалната комуникација<br>1.4 опишува и илустрира со примери бариерите кои придонесуваат за неуспешна комуникација<br>1.5 препознае проблемите во релациите со другите кои произлегуваат од неуспешна комуникација и нуди конструктивно разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - објасни што е и како се формира група;<br>- разликува формални од неформални групи<br>- објасни што се подразбира под поимот групни норми;<br>- ги споредува автократскиот и демократскиот начин на раководење;<br>- го објасни процесот на групно решавање на проблеми | Група, видови групи, групни норми, , лидер, натпревар, соработка, демократски и автократски начин на раководење, групна дискусија/решавање на проблеми | **Дискусија/есеј:** Зошто се важни групните норми?  Дали се тие неменливи?<br><br>**Презентирање на добри практики** – успешни компании/организации, анализа од аспект на односите меѓу вработените<br><br>**Дискусија:** Кои се последиците од различните начини на донесување одлуки (демократски наспроти автократски стил)<br>**Симулација/играње на улоги:** групна дискусија/решавање на проблем | 2.1 го дефинира поимот група и прави разлика што е формална а што неформална група<br>2.2 објасни зошто групните норми се важни за функционирањето на една група<br>2.3 ги споредува клучните карактеристики на демократски и автократски начин на раководење и ги објаснува нивните предности и недостатоци<br>2.4 ги наброи и објасни особините кои треба да ги поседува личноста на еден лидер;<br>2.5 образложува зошто е неопходно да има соработка и натпревар меѓу членовите во една група<br>2.6 дискутира за предностите и недостатоците од групно решавање на проблеми. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Постигнувањата на учениците во текот на наставата се следат и се вреднуваат со користење на критериумите на оценување коишто во наставната програма се прикажани како стандарди за постигнувањата во однос на секој резултат од учењето и опишуваат што се очекува од ученикот да направи за да покаже дека е постигнат резултатот од учењето. Во текот на наставата се следат активностите за учење, мотивираноста за учење, соработката со другите, критичкиот однос кон наученото и творечкиот однос кон наученото, односно изградувањето на свои ставови и размислувања за одредени прашања од наставниот материјал. Тие сознанија се користат за поддршка на учениците во учењето. При тоа се користат различни стратегии и техники за формативно оценување, вклучувајќи ги и самооценувањето и врсничкото оценување. Основа за сумативното оценување се критериумите за оценување коишто треба да се доконкретизираат на ниво на училиште или на ниво на заедници на училишта/наставници. Сумативните оценки се определуваат врз основа на користење на различни методи и техники на оценување усогласени со критериумите на оценување (чек листи, извештаи од истражување, есејски прашања, тестови, усни презентации и сл.) На оценката не влијаат ставовите на учениците за определени општествени прашања, туку се оценува оспособеноста за анализа, интерпретација и евалуација. Секој ученик редовно е информиран за своите постигнувања, а исто така се информираат и родителите за постигнувањата на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2022/2023 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-11378/45<br>4.10.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi<br>____________________________ |
| Датум на ревизија | |